# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АД АЛКАЛОИД БЕРОВО ЗА ДЕЛОВНАТА 2025 ГОДИНА

## 1. Општи податоци и информации за друштвото

АД Алкалоид Берово е фирма која се занимава со производство на санитетски материјали, ткаенини, позамантерија и конфекција. Успешно работи повеќе од 50 години. Основана е во 1961 година и по големина претставува средно претпријатие.

Како акционерско друштво е регистрирано на 28.12.1990 година со 650 вработени и со заокружен технолошки процес со седиште на улица ,,Маршал Тито,, бр.5 во Берово.

Основна приоритетна дејност за која е регистрирано друштвото е ***13.20 - Ткаење на текстил.***

Дополнителна дејност која ја врши претпријатието е ***47.11 – Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалоци и тутун.***

Покрај регистрираните дејности во внатрешниот промет, евидентирани се дејности и во надворешниот трговски промет согласно законските прописи

Во составот на АД Алкалоид Берово се организирани и запишани 8 (осум) подружници.

### *1.1. Бројна и квалификациона структура на вработени во АД Алкалоид Берово*

Бројната и квалификационата структура на вработените во АД Алкалоид Берово е дадена во следниве табели:

Структурата на вработените по род во АД Алкалоид Берово може да се види од следнава табела:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вработени на неопределено време | Мажи | Жени | **Вкупно** |
| | 19 | 15 | **34** |
| Вработени на определено време | Мажи | Жени | **Вкупно** |
| | 5 | 7 | **12** |
| ***Вкупно вработени*** | ***24*** | ***22*** | ***46*** |

Од табелата може да се забележи дека структурата на вработените е разновидна и вклучува како мажи, така и жени.

Просечната квалификационата структура на вработените во 2025 година може да се види од следнава табела 2:

| Квалификација | Број на вработени |
|---|---|
| ВСС | 8 |
| ССС | 37 |
| КВ | 1 |
| **Вкупно** | **46** |

## 2. Управување со друштвото

Управувањето во АД Алкалоид Берово се состои од Собрание на акционери, Надзорен одбор и Управен одбор.

Надзорниот одбор на АД Алкалоид Берово брои 3 (три) членови:

1. Звонко Чичаковски – Претседател на Надзорен одбор
2. Наташа Михајловска – Член на Надзорен одбор
3. Ѓорѓи Тачунски – Независен Член на Надзорен одбор

Управниот одбор на АД Алкалоид Берово брои 3 (три) членови:

1. Татјана Чичаковска – Претседател на Управен одбор
2. Кирил Крамарски – Член на Управен одбор
3. Јани Михајловски – Член на Управен одбор

За управување со работата на друштвото, односно за вршењето на сите работи поврзани со водењето на работните и тековните активности, Управниот одбор на АД Алкалоид Берово работеше на вкупно 10 (десет) седници во деловната 2025 година.

На членовите на Управниот одбор се исплаќаат надоместоци согласно склучените договори за регулирање на односите помеѓу друштвото и членовите на Управен одбор.

Вкупните примања по различни основи на членовите на Управниот и Надзорниот одбор се следниве:

- на лицето Татјана Чичаковска од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 1.895.291.00 денари на име плата, 20.155,00 во бруто износ на име регрес за годишен одмор, а додека од страна на АД Брик Берово се исплатени 666.672,00 денари во бруто износ на име награда на Претседател на Надзорен одбор.
- на лицето Кирил Крамарски од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени бруто износ 824.004.00 денари во на име награда на член на Управен одбор, а додека од страна на АД Брик Берово се исплатени 399.996,00 во бруто износ на име член на Надзорен одбор.
- на лицето Јани Михајловски од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 1.002.027,00 денари на име плата и 20.155,00 денари во бруто износ на име регрес за годишен одмор.
- на лицето Звонко Чичаковски од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 533.328,00 денари на име награда на член на Надзорен одбор.
- на лицето Наташа Михајловска од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 1.109.898,00 денари на име плата, 20.155,00 денари во бруто износ на име регрес за годишен одмор и 399.996,00 денари на име награда на член на Надзорен одбор, а од страна на АД Брик Берово се исплатени 399.996,00 денари во бруто износ на име награда на член на Управен одбор.
- На лицето Ѓорѓи Тачунски од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 66.672,00 денари на име награда на член на Надзорен одбор.

## 3. Производство

### *3.1. Производство на санитетски материјали, ткаенини, позамантерија и конфекција*

АД Алкалоид Берово е фирма која се занимава со производтсво на готови производи кои се изработуваат од 100% памук.

Притоа, АД Алкалоид Берово е фирма која што е со заокружен процес на производство. Имено, има своја ткајачница за производство на повеќе видови на ткаенини со различни тежини, кои потоа се доработуваат во посебен погон за доработка (се белат или бојат) и на крај истите се конфекциоираат во готови производи во погон за конфекционирање.

Неопходно е да се напомене дека, АД Алкалоид Берово е единствена фирма во Македонија која произведува хидрофилна газа, и калико завој во различни димензии согласно важечките пропишани стандарди.

Асортиманот на производите кои се произведуваат во АД Алкалоид Берово е разновиден:

а) Производство на санитетски материјали (хидрофилна памучна газа и калико завој) во разни димензии:

- Памучна хидрофилна газа 100мх80см
- Памучна хидрофилна газа 10мх80см
- Калико завој со вткаен раб 5смх5м
- Калико завој со вткаен раб 6смх5м
- Калико завој со вткаен раб 8смх5м
- Калико завој со вткаен раб 10смх5м
- Калико завој со вткаен раб 12смх5м
- Калико завој со вткаен раб 15смх5м

б) Производство на памучни ткаенини со тежина од 35 гр./м$^2$ до 260 гр./м$^2$, и тоа сирови, бели и боени;

- Артикал роман
- Артикал кепер
- Артикал пелена
- Артикал Т-11
- Артикал фланел
- Артикал кепер фланел

в) Производство на пелени со различни димензии и боја (бели, боени и штампани), шведски пелени;

- Тетра пелени 80x80 (бели, боени и штампани)
- Фланел пелени 80x80 (бели, боени и штампани)
- Шведски пелени

г) Производство на облека и постелнина за здравство и хирургија;

- Хируршки мантили со и без преклоп
- Хируршки одела
- Болнички чаршави
- Компреси

д) Производство на ХТЗ облека (од кепер и од диолен – бели и плави)

- Работни мантили
- Работни одела;
- Работни кецељи

ѓ) Останати производи:

- Навлаки за чаршави

- Навлаки за перници

- Обични чаршави

- Јоги чаршави

- Кујнски крпи

Од претходно изложеното за асортиманот на АД алкалоид Берово може да се забележи дека тој е разновиден.

### *3.2. Пекара*

АД Алкалоид Берово во своето работење се занимава и со производство и продажба на леб и бели пецива. Производството на леб и пецива може да се види од следната табела:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=5-4 |
|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Артикал | Единечна мерка | Количина 2024 | Количина 2025 | Разлика |
| 1 | Леб бел/р’жан | Бр. | 233882 | 227973 | -5909 |
| 2 | Пецива | Бр. | 105417 | 107147 | 1730 |
| 3 | Леб итало микс | Бр. | 1791 | 859 | -932 |
| 4 | Леб рустикал | Бр. | 1588 | 723 | -865 |

Од приложената табела може да се забележи дека има налување на производството на белиот леб, итало миксот и рустикалот, а додека има зголемување на пецивата 2025 година во однос на 2024 година.

Остварените приходи и потрошоци за пекара за 2024 година и за 2025 година може да се видат од следниве табели:

Приходи Пекара 2024 година

| Артикал | Количина | Единечна цена | Износ |
|---|---|---|---|
| Леб бел/р’жан | 233882 | 34,00 | 7.951.988,00 |
| Пецива | 105417 | 28,00 | 2.951.676,00 |
| Итало микс | 1791 | 50,00 | 89.550,00 |
| Рустикал микс | 1588 | 50,00 | 79.400,00 |
| | | **Вкупно** | **11.072.614,00** |

Трошоци за сировини и бруто плати Пекара 2024 година

| Реден бр. | | Количина | Единечна цена | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Брашно | 106525 | 19,88 | 2.117.717,00 |
| 2 | Квасец | 2256 | 64,00 | 144.384,00 |
| 3 | Адитив | 1000 | 149,62 | 149.620,00 |
| 4 | Масло за горење | 14584 | 64,98 | 947.714,00 |
| 5 | Бруто плати | | | 3.382.916,00 |
| | | | **Вкупно** | **6.741.351,00** |

Приходи Пекара 2025 година

| Артикал | Количина | Единечна цена | Износ |
|---|---|---|---|
| Леб бел/р’жан | 2278973 | 34,00 | 7.747.682,00 |
| Пецива | 107147 | 28,00 | 3.000.116,00 |
| Итало микс | 859 | 50,00 | 42.950,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Рустикал микс | 723 | 50,00 | 36.150,00 |
| | | **Вкупно** | **10.826.898,00** |

Трошоци за суровини и бруто плати Пекара 2025 година

| Реден бр. | | Количина | Единечна цена | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Брашно | 110030 | 20,00 | 2.200.600,00 |
| 2 | Квасец | 2256 | 64,00 | 144.384,00 |
| 3 | Адитив | 700 | 140,00 | 98.000,00 |
| 4 | Масло за горење | 15122 | 53,87 | 814.736 |
| 5 | Бруто плати | | | 3.461.573,00 |
| | | | **Вкупно** | **6.719.293,00** |

Остварена разлика на пекара во 2024 и 2025 година

| | Година | |
|---|---|---|
| | 2024 | 2025 |
| Остварени приходи | 11.072.614,00 | 10.826.898,00 |
| Расходи | 6.742.351,00 | 6.719.293,00 |
| **Разлика** | **4.330.263,00** | **4.107.605,00** |

Од оваа табела може да се забележи дека остварената разлика помеѓу приходите и расходите за пекарата во 2025 година е помала во однос на 2024 година (4.107.605,00 – 4.330.263,00 = -222.658,00 денари).

Потрошениот леб кој се искористува во кујна за храна на работниците е прикажан во следната табела:

| Реден број | Артикал | Единечна мерка | Количина 2024 | Количина 2025 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Леб | Бр. | 1830 | 1033 |

Од табелата може да се забележи дека има намалување и на потрошениот леб кој се користи за исхрана вработените во кујната, а тоа пред се се должи на намалувањето на бројот на вработени.

### *3.3. Продавници (трговија на мало)*

АД Алкалоид Берово во своето работење има организирани и запишани 8 (осум) подружници. Притоа, прегледот на остварената разлика на цени за продавниците за 2024 година споредбено со остварената разлика на цени за продавниците за 2025 година може да се видат од следниве табели:

| | Година 2024 | Година 2025 |
|---|---|---|
| Остварена разлика во цени (маржа) | 4.700.416,00 | 4.781.711,00 |
| Трошоци | 5.839.172,00 | 6.366.423,00 |
| **Остварена разлика** | **-1.138.756,00** | **- 1.584.712,00** |

Од приложената споредбена табела може да се забележи дека има зголемување на остварената разлика во цени (маржа), но исто така има зголемување и на трошоците за продавниците во 2025 година. Со оглед на наведените табели може да се наведе дека продавниците во 2025 година работат со поголема загуба во однос на 2024 година.

Годишниот промет по продавници може да се види од следнава табела:

| Проавница | Основица | Основица + ДДВ |
|---|---|---|
| Продавница бр.2 | 14.527.409,00 | 16.274.719,00 |

| | | |
|---|---|---|
| Продавница бр.3 | 3.174.206,00 | 3.734.729,00 |
| Продавница бр.4 | 4.300.875,00 | 4.798.407,00 |
| Продавница бр.6 | 3.101.301,00 | 3.504.574,00 |
| Продавница бр.8 | 5.693.915,00 | 6.337.140,00 |
| Продавница бр.9 | 6.427.725,00 | 7.103.402,00 |

| **2024 ГОДИНА** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пр | 1 | 2 | | | | | | | | 3 = Σ 2 | 4=1-3 |
| | Остварена маржа | Трошоци | | | | | | | | Вкупни трошоци | Остварена разлика |
| | | 2.1 | 2.2 | 2.3 | 2.4 | 2.5 | 2.6 | 2.7 | 2.8 | | |
| | | Плати | Струја | Вода | Масло за горење | Кирии | Амортизација | Исхрана | 5% останати трошоци | | |
| 2 | 1.636.360 | 1.690.334 | 381.578 | 25.431 | 77.708 | / | 121.264 | 64.600 | 81.818 | 2.442.733 | -806.373 |
| 3 | 549.330 | 415.863 | 95.394 | 25.431 | 77.708 | / | 121.264 | 16.150 | 27467 | 779.277 | -229.947 |
| 4 | 538.738 | 517.616 | 77.153 | 13.958 | / | / | / | 17.850 | 26.937 | 653.514 | -114.776 |
| 6 | 358.705 | 330.215 | 62.479 | 8.376 | / | / | / | 10.200 | 17.935 | 429.205 | -70.500 |
| 8 | 762.378 | 514.426 | 78.897 | 4080 | / | 41.400 | / | 20.400 | 38.119 | 697.322 | 65.056 |
| 9 | 854.905 | 647.071 | 87.305 | 1200 | / | 38.400 | / | 20.400 | 42.745 | 837.121 | 17.784 |
| **ВК.** | **4.700.416** | **4.115.525** | **782.806** | **78.476** | **155.416** | **79.800** | **242.528** | **149.600** | **235.021** | **5.839.172** | **-1.138.756** |

| 2025 ГОДИНА | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пр | 1 | 2 | | | | | | | | 3 = Σ 2 | 4=1-3 |
| | Остварена маржа | Трошоци | | | | | | | | Вкупни трошоци | Остварена разлика |
| | | 2.1 | 2.2 | 2.3 | 2.4 | 2.5 | 2.6 | 2.7 | 2.8 | | |
| | | Плати | Струја | Вода | Масло за горење | Кирии | Амортизација | Исхрана | 5% останати трошоци | | |
| 2 | 1.530.313 | 1.873.406 | 381.893 | 27.522 | 118.308 | / | 98.951 | 66.300 | 76.516 | 2.642.896 | - 1.112.583 |
| 3 | 1.103.941 | 540.865 | 95.473 | 27.522 | 118.308 | / | 98.951 | 20.400 | 34.182 | 935.701 | 168.240 |
| 4 | 521.777 | 603.256 | 65.085 | 14.844 | / | / | / | 20.400 | 26.089 | 729.674 | - 207.897 |
| 6 | 349.195 | 338.403 | 69.779 | 8.376 | / | / | / | 10.200 | 17.460 | 444.218 | - 95.023 |
| 8 | 528.232 | 571.281 | 59.857 | 4.089 | / | 54.000 | / | 20.400 | 26.412 | 736.039 | - 207.807 |
| 9 | 748.253 | 687.833 | 91.799 | 1.200 | / | 38.400 | / | 21.250 | 37.413 | 877.895 | - 129.642 |
| **ВК.** | **4.781.711** | **4.615.044** | **763.886** | **83.553** | **236.616** | **92.400** | **197.902** | **158.950** | **218.072** | **6.366.423** | **- 1.584.712** |

Потрошените енергетски материјали за 2024 година и 2025 година се прикажани во следнава табела:

| Ред.бр. | Гориво | Ед.мерка | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дрва | М3 | 338,5 | 209 |
| 2 | Нафта | Литар | 7748 | 8154 |
| 3 | Масло за горење | Литар | 17236 | 19489 |
| 4 | Трици | Приколка | 106 | 286 |
| 5 | Дрвен отпад | Палета | 612,5 | 753 |

### *3.4. Физички обем на производство:*

Физичкиот обем на производство на АД Алкалоид Берово за 2025 година споредбено со 2024 година може да се види од следнава табела:

| Работна единица | Мерна единица | 2024 година | 2025 година | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|
| Ткајачница | Метри должни (сведени на база Т-11) | 431.566 | 333.168 | - 98.398 |
| Белилна (мокра доработка) | Часови | 2112 | 2.319 | 207 |
| Конфекција | Минути | 1.837.463 | 1.642.187 | - 195.276 |

Од табелата може да се заклучи дека физичкиот обем на производство за 2025 година во однос 2024 година при производство на ткаенини од работна единица Ткајачница е намалено за 98.398 метри сведени на база Т-11. Физичкиот обем при доработка на ткаенините во работна единица Белилна е поголем за 208 часови, а додека физичкиот обем при конфекционирање на производите во работна единица Конфекција е намален за 195.276 минути.

## 4. <u>Продажба и реализација</u>

АД Алкалоид Берово своите готови производи, ги пласира како на домашниот пазар, така и на странските пазари.

Вкупната реализацијата на артикли од асортиманот на АД Алкалоид Берово за 2025 година по погони и пазари заклучно со 31.12.2025 година може да се види од следнава табела:

| РЕАЛИЗАЦИЈА 2025 ГОДИНА ПО ПОГОНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Артикли по погон** | **Пазари** | | **ВКУПНО (домашен + странски пазар)** |
| | ***Домашен*** | ***Странски*** | |
| Позамантериски производи | 56.581,00 | / | 50.681 |
| Ткаенини | 4.370.007,00 | 17.986.837,00 | 22.356.844,00 |
| Конфекциски производи | 13.194.821,00 | 1.402.667,00 | 14.597.488,00 |
| Санитетски производи | 15.808.310,00 | / | 15.808.310,00 |
| Продавници | 45.886.436,00 | / | 45.886.436,00 |
| Пекара | 3.592.352,00 | / | 3.592.352,00 |
| **ВКУПНО** | **82.908.507,00** | **19.389.504,00** | **102.298.011,00** |

Вкупната реализацијата на артикли од асортиманот на АД Алкалоид Берово за 2024 година по погони и пазари со 31.12.2024 година може да се види од следнава табела:

| РЕАЛИЗАЦИЈА 2024 ГОДИНА ПО ПОГОНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Артикли по погон** | **Пазари** | | **ВКУПНО (домашен + странски пазар)** |
| | ***Домашен*** | ***Странски*** | |
| Позамантериски производи | 88.399,00 | / | 88.399,00 |
| Ткаенини | 5.421.656,00 | 17.402.127,00 | 22.823.783,00 |
| Конфекциски производи | 7.989.094,00 | 6.487.917,00 | 14.477.011,00 |
| Санитетски производи | 15.684.940,00 | / | 15.684.940,00 |
| Продавници | 45.210.480,00 | / | 45.210.480,00 |
| Пекара | 3.226.214,00 | / | 3.226.214,00 |
| **ВКУПНО** | **77.620.783,00** | **23.890.044,00** | **101.510.827,00** |

Од претходните табели може да се забележи дека во 2025 година има зголемување на реализацијата на домашниот пазар во однос на 2024 година за

5.287.724,00 денари (82.908.507,00 - 77.620.783,00 = 5.287.724,00), но има намалување и на реализацијата на странските пазари за 4.500.540,00 денари (19.389.504-23.890.044,00= - 4.500.540,00).

Исто така може да се забележи дека вкупната реализација и продажба во 2025 година во однос на 2024 година е зголемена за 787.184,00,00 денари (102.298.011,00 - 101.510.827,00 = 787.184,00 денари).

Заради тоа, особено е важно да се обрне поголемо вниманите да се продолжи со изнаоѓање на нови купувачи како на домашниот, така и на странските пазари, како и подобрување на деловната соработка и зголемување на продажбата и реализацијата со веќе постоечките купувачи, како на домашниот пазар така и на странските пазари.

Прегледот на реализација на дирекниот и индиректниот извоз е прикажан на следнава табела:

**РЕАЛИЗАЦИЈА ИЗВОЗ 2024/2025**

| 1 | 2 | 3 | 4=3-2 |
|---|---|---|---|
| Фирма | 2024 | 2025 | Разлика |
| Директен извоз | 2.364.568,00 | 2.218.568,00 | - 146.000,00 |
| Индиректен извоз | 21.525.476,00 | 17.170.936,00 | - 4.354.542,00 |
| **Вкупно** | **23.890.044,00** | **19.389.504,00** | **- 4.500.540,00** |

Од следнава табела може да се забележи дека има намалување на директниот извоз за 146.000,00 денари (2.218.568,00-2.364.568,00 = - 146.000,00), а додека има намалување на индиректниот извоз преку Интекс + Ко во 2025 година во однос на 2024 година за 4.354.542,00 денари (17.170.936,00-23.890.044,00 = - 4.354.542,00 или во вкупен износ реалзиацијата во 2025 година во однос на 2024 година на странските пазари е намалена за 4.500.540,00 денари. Ова намалување пред се се должи на недоволно дадени налози и нарачки од страна на Интекс+Ко за работа, како и на тоа што оние налози кои беа давани беа со мали количини.

## 5. Политика на инвестиции

АД Алкалоид Берово во деловната 2025 година година реализираше инвестициони вложувања во вкупен износ од 253.599,00 денари.

## 6. Политика на дивиденди

АД Алкалоид Берово во 2025 година нема исплатено дивиденди и сите средства ги користи за тековно работење и инвестирање во развој на друштвото.

## 7. Средства, извори средства на друштвото и политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина

Треба да се напомене дека завршната сметка, извештајот за работењето, финансиските извештаи како и целокупната документација на АД Алкалоид Берово за 2023 година се изготвени согласно важечките позитивни законски прописи, меѓународните сметоводствени стандарди, како и усвоената сметководствена политика и пракса на акционерското друштво.

Залихите на репроматеријалите, залихите на недовршеното производство и залихите на готовите производи друштвото ги води по плански цени, кои на крајот од деловната година за периодот за кој се изготвува завршната сметка, ги сведува на просечни цени, согласно позитивните законски прописи.

Согласно билансот на состојба на АД Алкалоид Берово за 2025 година, вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) изнесува 338.868.384,00 денари, што во однос на 2024 година бележи намалување.

Имовинската состојба на АД Алкалоид Берово, може да се согледа од следнава табела:

| | |
|---|---|
| **ВКУПНА АКТИВА (А+Б)** | **338.868.384** |
| ***А.Нетековни средства*** | ***133.806.329*** |
| ***1. Материјални средства*** | ***34.308.672*** |

| | |
|---|---|
| 1.1. Недвижности | 14.361.153 |
| 1.2. Градежно земјиште | 2.308.169 |
| 1.3. Градежни објекти | 12.052.984 |
| 1.4. Постројки и опрема | 18.917.754 |
| 1.5. Транспортни средства | 180.160 |
| 1.6. Материјални средства во подготовка | 849.605 |
| ***2. Долгорочни финансиски средства*** | ***98.112.379*** |
| ***Б. Тековни средства*** | ***205.062.055*** |
| 1. Залихи | 65.160.868 |
| 2. Краткорочни побарувања | 12.966.880 |
| 3. Краткорочни финансиски средства | 113.069.439 |
| 4 Парични средства и парични еквиваленти | 13.864.868 |
| **ВКУПНА ПАСИВА (А+Б)** | **338.868.384** |
| ***А. Главнина и резерви*** | ***331.234.260*** |
| ***Б. Обврски*** | ***7.634.124*** |

Анализирајќи ја имовинската состојба на АД Алкалоид Берово од следнава табела, може да се забележи дека АД Алкалоид Берово работи исклучиво со сопствени средства, бидејќи нема никакви долгорочни обврски, како и кредити од деловни партнери или кредити спрема банките.

## 8. Управување со финансиски ризици

АД Алкалоид Берово во своето работење влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите и добавувачите, како на домашниот така и на странскиот пазар.

Овие трансакции во странски валути се изкажуваат во денари преку примена на официјалните курсеви на Народна банка на Република Северна Македонија и кои важат на денот на трансакцијата.

Управувањето со ризиците на друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимизирање на потенцијалните негативни ефекти врз работењето на друштвото.

Заради тоа, АД Алкалоид Берово е изложено на повеќе можни видови финансисики ризици со различен степен на изложеност, како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и промена на цените), кредитниот ризик, ризик од неликвидност.

### *8.2. Пазарен ризик*

#### *8.2.1. Ризик од промена на девизните курсеви и промена на цените*

АД Алкалоид Берово во своето работење остварува и меѓународни трансакции, пред се во набавка на суровини и репроматеријали, како и продажба на своите готови производи. Притоа, друштвото при овие трансакции не може да користи некои соодветни финансиски механизми за намалување на овој ризик, пред се при набавка на сировините и репроматеријалите. Од тука може да се јави ризик на флуктуирање на курсевите на странските валути што би се одразило на неизвесноста во идната заработувачка на друштвото. Во однос на продажбата на своите производи АД Алкалоид Берово може истотака да биде изложен на овој ризик заради можната конкруренција кој се јавува.

### *8.3. Кредитен ризик*

Основни финансиски средства на друштвото се парични средства во банките и побарувања од купувачите, кои претставуваат голема изложеност на кредитен ризик.

Имено, АД Алкалоид Берово е изложен на овој ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во можност да ги подмират своите обврски за плаќање спрема друштвото. Согласно тоа, АД Алкалоид Берово настојува да работи со добри купувачи кои ги исполнуваат своите обврски и кои се долгогодишни соработници и партнери и успешни во својата работа.

За избегнување на овој ризик АД Алкалоид Берово има своја деловна политика која ја спроведува преку соодветна служба за контрола на побарувањата и наплата.

### *8.4. Ризик од неликвиднсот*

Овој ризик постои кога друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители.

АД Алкалоид Берово и покрај отежнатите услови за наплата на побарувањата и непочитување на финансиската дисциплина од страна на некои купувачи, се уште успешно се справува со избегнување на овој ризик. Тоа се должи пред се на добрата политика на управување со паричните средства од страна на менаџментот на друштвото.

## 9. <u>Преглед на остварени деловни резултати 2025 во однос на 2024 година</u>

| **Опис** | **(во денари)** | |
|---|---|---|
| ПРИХОДИ | 2025 | 2024 |
| ***I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО*** | ***100.242.907*** | ***93.045.865*** |
| Приходи од продажба | 93.457.803 | 92.758.483 |
| Останати приходи | 6.785.104 | 287.382 |
| ***II.ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*** | ***3.526.904,00*** | ***2.699.716*** |
| Приходи од неповрзани друштва | 1.587.580 | 794.500 |
| Приходи од камати | 1.927.348 | 1.905.038 |
| Останати приходи | 11.976 | 178 |
| | | |
| **Опис** | **(во денари)** | |
| РАСХОДИ | 2025 | 2024 |
| ***I.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО*** | ***107.508.921*** | ***113.496.398*** |
| Суровини и материјали | 32.425.789 | 39.285.442 |
| Набавна вредност на продадените стоки | 27.235.612 | 24.864.076 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 2.513.590 | 2.724.189 |

| | | |
|---|---|---|
| Останати трошоци од работењето | 4.226.465 | 4.313.699 |
| ***II.ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ*** | ***34.271.097*** | ***35.343.260*** |
| Нето плати и надоместоци | 20.489.552 | 20.787.643 |
| Трошоци за даноци на плати | 1.649.530 | 1.683.562 |
| Придонеси од задолжително социјално осигурување | 8.767.011 | 8.883.649 |
| Останати трошоци за вработени | 3.365.004 | 3.988.406 |
| ***III.АМОРТИЗАЦИЈА*** | | ***6.965.732*** |
| ***IV.ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО*** | **49.693** | |
| ***V.ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*** | **346.765** | |
| | | |
| **1.Залихи на готови производи и недовршено производство на почетокот на годината** | **2025 година** | **2024 година** |
| | 9.883.826 | 5.679.552 |
| **2.Залихи на готови производи и недовршено производство на крај на годината** | **2025 година** | **2024 година** |
| | 11.448.022 | 9.883.826 |
| **РАЗЛИКА ПОЧЕТНИ МИНУС КРАЈНИ ЗАЛИХИ (1-2)** | **- 1.564.196** | **- 4.204.274** |
| **ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **2.521.679** | **13.546.543** |
| **НЕТО ЗАГУБА** | **2.521.679** | **13.546.543** |

Разгледувајќи го прегледот за остварените финансиски резултати за 2025 година, може да се забележи дека друштвото 2025 година ја завршува со негативен финансиски резултат, односно загуба во износ од 2.521.679 денари

Берово, 05.03.2026

АД Алкалоид Берово

Претседател на Управен одбор

Татјана Чичаковска

АД АЛКАЛОИД БЕРОВО

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**на ден 31 декември 2025 година**
(во денари)

| | Белешка | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| *Долгорочни средства* | | | |
| Нематеријални средства | | 1.385.278 | - |
| Недвижности,постојки и опрема | 3.1;7 | 34.308.672 | 40.008.836 |
| Вложувања во недвижности | | - | - |
| Долгорочни финансиски средства | | 98.112.379 | 30.169.585 |
| Долгорочни побарувања | | - | - |
| Одложени даночни средства | | - | - |
| **Вкупно нетековни средства** | | **133.806.329** | **70.178.421** |
| *Тековни средства* | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 3.7;8 | 13.864.868 | 24.389.983 |
| Побарувања од купувачи и останати краткорочни побарувања | 3.8;3.9;9 | 11.956.573 | 10.343.648 |
| Краткорочни финансиски средства | | 113.069.439 | 176.435.159 |
| Залихи | 3.10;10 | 65.160.866 | 56.977.963 |
| Однапред платени трошоци за идни периоди | 3.9;9 | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **204.051.746** | **268.146.753** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **337.858.075** | **338.325.174** |
| **СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Запишан капитал | 3.11;11 | 72.483.190 | 72.483.190 |
| Ревалоризациона резерва | 3.11;11 | 22.843.806 | 24.266.732 |
| Законски и статутарни резерви | 3.11;11 | 133.404.915 | 133.404.915 |
| Акумулирана добивка | 3.11;11 | 105.024.027 | 119.014.174 |
| Добивка за финансиската годината | 3.11;11 | (2.521.679) | (13.546.544) |
| **Вкупно сопственичка главнина** | | **331.234.259** | **335.622.467** |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| *Долгорочни обврски* | | | |
| Долгорочни резервирања | | - | - |
| Долгорочни кредити | 3.12;12 | 1.377.947 | - |
| **Вкупно долгорочни обврски** | | **1.377.947** | - |
| *Тековни обврски* | | | |
| Обврски кон добавувачи и останати краткорочни обврски | 3.13;13 | 5.245.869 | 2.702.707 |
| Обврски по краткорочни кредити | 3.12;14 | - | - |
| Одложени плаќања на трошоци во идни периоди | | - | - |
| **Вкупно тековни обврски** | | **5.245.869** | **2.702.707** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | | **6.623.816** | **2.702.707** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА** | | **337.858.075** | **338.325.174** |

*Белешките се составен дел на финансиските извештаи*

Овие финансиските извештаи се одобрени од раководството на друштвото и се потпишани во негово име на 10.03.2026 од

Претседател на управен одбор,

Татјана Чичаковска

АД АЛКАЛОИД БЕРОВО

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**За годината која завршува на 31 декември 2025**
(во денари)

| | Белешка | 31.12.2025 | 31.12.2024 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.15;15 | 92.938.740 | 92.235.621 |
| Останати оперативни приходи | 3.15;16 | 7.304.167 | 810.244 |
| **Вкупно приходи од работењето** | | 100.242.907 | 93.045.865 |
| Ефекти од почетни и крајни залихи | 17 | (1.564.196) | (4.204.275) |
| Набавна вредност на продадените стоки | 17.1 | 27.235.612 | 24.864.076 |
| Потрошени материјали,енергија и ситен инвентар | 3.16;18 | 32.425.789 | 39.285.442 |
| Транспортни и други услуги | 3.16;19 | 2.513.590 | 2.724.189 |
| Трошоци за амортизација и резервирања | 3.1;7 | 6.786.675 | 6.965.732 |
| Трошоци за вработени | 3.18;20 | 34.204.017 | 35.276.260 |
| Други трошоци од оперативно работење | 3.16;21 | 4.343.238 | 4.380.699 |
| **Вкупно оперативни расходи** | | **105.944.725** | **109.292.123** |
| **Добивка од оперативно работење** | | **(5.701.818)** | **(16.246.258)** |
| Нето приходи/финансиски трошоци | 22 | 3.180.139 | 2.699.716 |
| **Добивка пред оданочување** | | **(2.521.679)** | **(13.546.542)** |
| Данок од добивка | 3.20;23 | - | - |
| **Нето добивказа годината** | | **(2.521.679)** | **(13.546.542)** |
| Останата сеопфатна добивка за периодот | | - | - |
| **Сеопфатна добивка** | | **(2.521.679)** | **(13.546.542)** |

*Белешките се составен дел на финансиските извештаи*

Овие финансиските извештаи се одобрени од раководството на друштвото и се потпишани во негово име на 10.03.2026 од

Претседател на управен одбор,

Татјана Чичаковска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „АЛКАЛОИД" БЕРОВО 1

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА

**За годината која завршува на 31 декември 2025**

(во денари)

**31.12.2025**

| | Основна главнина | Законски резерви | Останати резерви | Акумулирана добивка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2025** | 72.483.190 | 24.266.732 | 133.404.915 | 105.467.631 | 335.622.468 |
| Зголемување на основната главнина | | | | - | - |
| Добивка / (Загуба) за годината | - | - | | (2.521.679) | (2.521.679) |
| Пренос на финансискиот резултат за годината | - | - | | | - |
| Исплатени дивиденди | - | - | | | - |
| Промена на сметководствени политики | - | - | | | - |
| Пренос на резерви од реинвестирана добивка | - | - | | - | - |
| Останати промени на капиталот и резервите | - | (1.422.926) | | (443.604) | (1.866.530) |
| **Состојба на 31 декември 2025** | 72.483.190 | 22.843.806 | 133.404.915 | 102.502.348 | 331.234.259 |

| | Основна главнина | Законски резерви | Останати резерви | Акумулирана добивка | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2024** | 72.483.190 | 9.180.852 | 133.404.915 | 119.014.173 | 334.083.130 |
| Зголемување на основната главнина | - | | | | - |
| Добивка / (Загуба) за годината | - | - | | -13.546.542 | (13.546.542) |
| Пренос на финансискиот резултат за годината | - | | | | - |
| Покривање на загуба на терет на капиталот и резервите | - | - | | - | - |
| Исплатени дивиденди | - | - | | | - |
| Промена на сметководствени политики | - | - | | | - |
| Пренос на резерви од реинвестирана добивка | - | - | - | | - |
| Останати промени на капиталот и резервите | - | 15.085.880 | | - | 15.085.880 |
| **Состојба на 31 декември 2024** | 72.483.190 | 24.266.732 | 133.404.915 | 105.467.631 | 335.622.468 |

*Белешките се составен дел на финансиските извештаи*

Овие финансиските извештаи се одобрени од раководството на друштвото и се потпишани во негово име на 10.03.2026 од

Претседател на управен одбор,

Татјана Чичаковска

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

**За годината која завршува на 31 декември 2025**

(во денари)

| **Позиција** | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| **А. Готовински текови од деловни активности** | | |
| Добивка по оданочувањето | **(2.521.679)** | **(13.546.542)** |
| Амортизација | **6.786.675** | **6.965.732** |
| Намалување(зголемување) на залихи | **(8.182.902)** | **(1.227.364)** |
| Побарувања од купувачи и останати краткорочни побарувања | **(1.612.925)** | **4.188.683** |
| Одложени трошоци за идни периоди | - | - |
| Обврски кон добавувачи и останати краткорочни обврски | 2.543.162 | (375.560) |
| Одложени плаќања на трошоци во идни периоди | - | - |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(2.987.669)** | **(3.995.051)** |
| **Б. Готовински текови од инвестиционо работење** | | |
| Директни набавки на материјални и нематеријални средства | (2.471.789) | (949.791) |
| Продажба-пренос на основни средства | | |
| Останати вложувања долгорочни | (67.942.794) | |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(70.414.583)** | **(949.791)** |
| **В. Готовински текови од финансиско работење** | | |
| **Главнина и резерви** | | - |
| Зголемување(намалување)на краткорочни кредити | - | - |
| Зголемување(намалување)на долгорочни кредити | 1.377.947 | - |
| Зголемување(намалување)на краткорочни финансиски средства | 63.365.720 | 23.875.032 |
| Други усогласувања | (1.866.530) | - |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **62.877.137** | **23.875.032** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(10.525.115)** | **18.930.190** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **24.389.983** | **5.459.793** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **13.864.868** | **24.389.983** |

*Белешките се составен дел на финансиските извештаи*

Овие финансиските извештаи се одобрени од раководството на друштвото и се потпишани во негово име на 10.03.2026 од

Претседател на управен одбор,
Татјана Чичаковска

АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово
Бр.0202- 40/3
Дата: 11.03.2026

Врз основа на Записникот од одржаниот состанок на Управниот одбор бр.0202-40 од 10.03.2026 година и член 36 од Статутот на АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово, Управниот одбор донесува,

# О Д Л У К А

## За усвојување на годишна завршна сметка на АД Алкалоид Берово за 2025 година и финансиски извештаи за 2025 година

Член 1

Се усвојува годишната завршна сметка на АД Алкалоид Берово за 2025 година и финансиски извештаи за 2025 година

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

АД АЛКАЛОИД Берово

Претседател на Управен одбор

Татјана Чичаковска

АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово
Бр.0202-40/2
Дата: 11.03.2026

Врз основа на Записникот од одржаниот состанок на Управниот одбор бр.0202-40 од 10.03.2026 година и член 36 од Статутот на АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово, Управниот одбор донесува,

# О Д Л У К А

За усвојување на годишен извештај за работењето на АД Алкалоид Берово за 2025 година

Член 1

Се усвојува годишниот извештај за работењето на АД Алкалоид Берово за 2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

АД АЛКАЛОИД Берово

Претседател на Управен одбор

Татјана Чичаковска

АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово
Бр.0203- 58/1
Дата: 08.04.2026

Врз основа на Записникот од одржаниот состанок на Надзорниот одбор бр.0203-58 на ден 08.04.2026 година Надзорниот одбор донесува,

# О Д Л У К А

За усвојување на Годишен извештај за работењето на АД Алкалоид Берово за 2025 година

Член 1

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на АД Алкалоид Берово за 2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

АД АЛКАЛОИД Берово

Претседател на Надзорен одбор

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „АЛКАЛОИД" п.о. БЕРОВО 1

Звонко Чичаковски

АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово
Бр.0203- 58/2
Дата: 08.04.2026

Врз основа на Записникот од одржаниот состанок на Надзорниот одбор бр.0203-58 на ден 08.04.2026 година Надзорниот одбор донесува,

# О Д Л У К А

## За усвојување на завршна сметка со финансиски извештаи на АД Алкалоид Берово за 2025 година

### Член 1

Се усвојува завршната сметка со финансиските извештаи на АД Алкалоид Берово за 2025 година.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

АД АЛКАЛОИД Берово

Претседател на Надзорен одбор

Звонко Чичаковски

Врз основа на член 383 , 384 и 352 од Законот за трговските друштва како и Статутот на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 29.06.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За одобрување на годишниот извештај за работата на АД АЛКАЛОИД Берово за периодот од јануари 2025 година до декември 2025 година**

Член 1

Се одобрува годишниот извештај за работата на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово со седиште на ул.Маршал Тито бр.5 Берово ЕМБС 4053656 и ЕДБ 4001996102310 , за периодот од Јануари 2025 година до Декември 2025 година.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Берово , 29.06.2026 година

**АД АЛКАЛОИД Берово**

**Претседавач на собранието**

Врз основа на член 383 , 384 од Законот за трговските друштва како и член 29 од Статутот на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово , Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 29.06.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За одобрување на финансискиот извештај за работата на АД АЛКАЛОИД Берово за 2025 година**

Член 1

Се одобрува финансискиот извештај за работата на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово со седиште на ул.Маршал Тито бр.5 Берово ЕМБС 4053656 и ЕДБ 4001996102310 , за 2025 година.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Берово , 29.06.2026 година

**АД АЛКАЛОИД Берово**

**Претседавач на собранието**

Врз основа на член 383 , 384 од Законот за трговските друштва како и член 29 од Статутот на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 29.06.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За одобрување на годишната сметка на АД АЛКАЛОИД Берово за 2025 година**

Член 1

Се усвојува годишна сметка спрема следните биланси:
- Биланс на состојба на ден 31.12.2025 година
- Биланс на успех на ден 31.12.2025 година

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето

Берово , 29.06.2026 година

**АД АЛКАЛОИД Берово**

**Претседавач на собранието**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „АЛКАЛОИД" п.о. БЕРОВО